Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/14, 5/16, 142/61, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20....208/24), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Велес бр.01-2888/1 од 12.06.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес бр.01-1837/1 од 20.03.2025 година, Секретарот на Општина Велес, донесе

**О Д Л У К А**

***за избор на кандидат за административен службеник***
***по пат на унапредување***

**1**.Со оваа Одлука **се врши избор** на извршител за работно место: Советник за организационо-технички работи од областа на урбанизмот -УПР 01 01В01 000 во Одделение за урбанизам, Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој, на кандидатот:

- **Марија Рунтева**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и по конечноста на оваа Одлука на избраниот кандидат ќе му се издаде решение за унапредување на административен службеник.

3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на општината.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Велес спроведе постапка за унапредување на административен службеник во Општина Велес, за следното работно место:

Советник за организационо-технички работи од областа на урбанизмот - 1 извршител.

Интерниот оглас беше објавен на веб страната на Општина Велес на ден 28.04.2025 година. Од страна на посебно формирана Комисија, на ден 07.05.2025 година, во 11:30 часот, во просториите на Агенција за администрација спроведена е административна селекција. На огласот е пријавен вкупно 1(еден) кандидат, кој ги исполнува општите услови за прием на административни службеници, согласно одредбите од Законот за административни службеници и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес, по пат на унапредување.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција со Записникот бр. 04-2266/8 од 07.05.2025 година, спроведе интервју со Записникот за спроведено интервју бр. 04-04-2266/9 од 07.05.2025 година. Од страна на Комисијата за селекција изготвена е финална ранг листа со предлог одлука за избор и му предлага на Секретарот на општината да изврши избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**<u>Правна поука</u>:** Против Одлуката, има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на институцијата.

Број 04-2266/10
12.05.2025 година
Велес

Секретар
на Општина Велес
Марија Чатмова

Доставено до:
*-Агенција за администрација*
*-Архива*
*-Кандидатот*